Службен весник на Република Македонија

Број 50 **27 април 2017, четврток** **година LXXIII**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

СОДРЖИНА

		Стр.
955.	**Одлука** за продажба на движна ствар - меркантилна пченица.....	2
956.	**Одлука** за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2017 година...	2
957.	**Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.....	3
958.	**Одлука** за определување на квота за работни дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Македонија за 2017 година.....	3
959.	**Одлука** за давање согласност на Ценовникот за огревно и техничко дрво во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје...	4
960.	**Одлука** за давање согласност на Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје.....	4
961.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје....	4
962.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести - Скопје.....	5
963.	**Одлука** за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие „Македонија-пат" - Скопје.....	5

		Стр.
964.	**Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.....	6
965.	**Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.....	6
966.	**Одлука** за одобрување на Годишниот извештај за 2016 година за работењето на Агенција за храна и ветеринарство.....	7
967.	**Одлука** за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „SABER JUNCTION", во Сојузна Република Германија.....	7
968.	**Програма** за изменување и дополнување на Програмата за статистички истражувања за периодот 2013 - 2017 година.....	7
969.	**Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.106/2016 од 12 април 2017 година.....	9
970.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга.....	11
971.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за пристап и користење на специфични мрежни средства.....	13
972.	**Објава** за стапката на трошоците за живот и платите за месец март 2017 година.....	16
	Огласен дел.....	1-160

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

955.

Врз основа на член 14 став (1) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 77/09, 24/11 и 43/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.4.2017 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНА СТВАР - МЕРКАНТИЛНА ПЧЕНИЦА

Член 1

Да се изврши продажба на 21.000 тони меркантилна пченица од стоковните резерви заради обновување.

Член 2

Продажбата на движната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронскиот систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи, со проценета вредност утврдена согласно Процената од Бирото за судски вештачења бр.СВ V 14/17 од 14.2.2017 година, во која е проценета вредноста на движната ствар на износ од 196.560.000,00 денари, односно 9,36 ден./кг.

Почетната цена за електронското јавно наддавање претставува проценетата вредност и истата изнесува 9,36 ден./кг.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-912/1
21 април 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

956.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16) и член 2 од Уредбата за методологија за распределба на средствата остварени како приход од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/08 и 22/11), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 21.4.2017 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОСТВАРЕНИ ПО ОСНОВ НА НАДОМЕСТОК ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД ФОСИЛНИ ГОРИВА КАКО НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ НА ОПШТИНИТЕ ЗА 2017 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се распределуваат средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините, во износ од 22.382.507,00 денари.

Член 2

Средствата од членот 1 на оваа одлука се распределуваат согласно критериумите утврдени во членовите 4, 5, 6 и 7 од Уредбата за методологија за распределба на средствата остварени како приход од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива, на следните општини:

Општина	Износ во денари
Новаци	5.886.188,00
Битола	12.871.993,00
Могила	2.802.947,00
Кичево	472.262,00
Гази Баба	92.701,00

Аеродром	28.454,00
Центар	52.417,00
Кисела Вода	14.186,00
Чаир	161.359,00

Член 3

Средствата од членот 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, како одобрен план во Раздел 121.01 – Министерство за животна средина и просторно планирање. програма 2– Заштита за животна средина, потпрограма 21 – Инвестиции во животна средина, категорија 48 - Капитални расходи, ставка 488 – Капитални дотации до ЕЛС.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-1021/1
21 април 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

957.

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 178/15, 106/15 и 153/15 и 190/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.4.2017 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари -објекти, на место викано „Јазик" кои се наоѓаат на КП 1738/1, во КО Ѓорче Петров 1 - Ново Село, и тоа:

- објект бр.41, влез 1, кат ПО, број 1,намена на зграда и друг објект В4-10, намена на посебен/заеднички дел од зграда ХС,со површина од 84 м2;
- објект бр.41, влез 1, кат ПО, број 1,намена на зграда и друг објект В4-10, намена на посебен/заеднички дел од зграда ЛФ,со површина од 5 м2;
- објект бр.41, влез 1, кат ПО, број 1,намена на зграда и друг објект В4-10, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП,со површина од 572 м2;
- објект бр.41, влез 1, кат ПР, број 1,намена на зграда и друг објект В4-10, намена на посебен/заеднички дел од зграда ХС,со површина од 13 м2;
- објект бр.41, влез 1, кат ПР, број 1,намена на зграда и друг објект В4-10, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП,со површина од 646 м2;
- објект бр.41, влез 1, кат К1, број 1,намена на зграда и друг објект В4-10, намена на посебен/заеднички дел од зграда ХС,со површина од 26 м2;
- објект бр.41, влез 1, кат К1, број 1,намена на зграда и друг објект В4-10, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП,со површина од 1340 м2;
- објект бр.41, влез 1, кат К2, број 1,намена на зграда и друг објект В4-10, намена на посебен/заеднички дел од зграда ХС,со површина од 27 м2;
- објект бр.41, влез 1, кат К2, број 1,намена на зграда и друг објект В4-10, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП,со површина од 1341 м2;
- објект бр.41, влез 2, кат ПО, број 1,намена на зграда и друг објект В4-10, намена на посебен/заеднички дел од зграда ХС,со површина од 12 м2;
- објект бр.41, влез 2, кат ПО, број 1,намена на зграда и друг објект В4-10, намена на посебен/заеднички дел од зграда ЛФ,со површина од 5 м2;
- објект бр.41, влез 2, кат ПО, број 1,намена на зграда и друг објект В4-10, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП,со површина од 645 м2;
- објект бр.41, влез 2, кат ПР, број 1,намена на зграда и друг објект В4-10, намена на посебен/заеднички дел од зграда ХС,со површина од 13 м2;
- објект бр.41, влез 2, кат ПР, број 1,намена на зграда и друг објект В4-10, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП,со површина од 658 м2;
- објект бр.44, влез 1, кат ПР, број 1,намена на зграда и друг објект В4-10, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП,со површина од 307 м2,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-1196/1
21 април 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Емил Димитриев, с.р.

958.

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за вработување и работа на странци („Службен весник на Република Македонија" бр. 217/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.4.2017 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КВОТА ЗА РАБОТНИ ДОЗВОЛИ ЗА СТРАНЦИ КОИ МОЖАТ ДА БИДАТ РАБОТНО АНГАЖИРАНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

Член 1

Квотата за работни дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територија на Република Македонија за 2017 година се определува во вкупна висина од 3250 работни дозволи (во натамошниот текст: квотата).

Член 2

(1) Квотата во висина од 3250 работни дозволи се распределува во групи на дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територија на Република Македонија, за следните цели:

- 2150 дозволи за вработување на странци во Република Македонија;
- 700 дозволи за упатени странци во Република Македонија;
- 200 дозволи за работа за сезонско работење на странци и
- 200 дозволи за работа за поединечни услуги од странци.

(2) Искористеноста на квотата за работни дозволи од став (1) алинеја 1 на овој член се пресметува имајќи го предвид бројот на издадените работни дозволи и

мислења за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа во календарската година без оглед на времето на важноста на таквата дозвола.

(3) Бројот на важечките работни дозволи и мислења за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа од став (1) на овој член, што ги издава Агенцијата за вработување на Република Македонија, по одделни намени не треба да ја надмине квотата определена со оваа одлука.

Член 3

(1) Во рамките на квотата за работни дозволи и мислењата за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа од член 2 став (1) алинеја 1 на оваа одлука, дозволите за поединечни цели ќе се издаваат согласно приоритети утврдени во член 6 од Законот за вработување и работа на странци.

(2) За нови работни дозволи и мислења за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа кои се издаваат за прв пат на странци, наменети се 1000 работни дозволи, кои се распределуваат на :

- 100 дозволи за упатени работници, кои ќе бидат издадени без проверка на состојбата и условите на пазарот на трудот;
- 150 работни дозволи за странци со специфични занимања и знаења, кои не е можно да се добијат со школување и оспособување во Република Македонија и
- 750 дозволи за други нови вработувања.

(3) Квотата за работни дозволи од став (2) алинеја 3 на овој член, дозволи за други нови вработувања се распределува на:

- 300 дозволи за вработување на странци со петти или повисок степен на образование и
- 450 дозволи за вработување од втор до четврти степен на образование.

Член 4

(1) Министерството ја следи искористеноста на квотата за работни дозволи од член 2 од оваа одлука и состојбата на пазарот на трудот.

(2) Доколку состојбата на пазарот на трудот се измени, Владата на Република Македонија на предлог на Министерството презема мерки согласно член 5 став (6) од Законот за вработување и работа на странци.

Член 5

Работните дозволи и мислења за исполнетост на условите за издавање на дозволи за привремен престој на странец заради работа кои биле издадени до влегувањето во сила на оваа одлука се засметуваат во квотата за работни дозволи од член 2 став (1) од оваа одлука.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-1301/1
21 април 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

959.

Врз основа на член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.4.2017 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНОВНИКОТ ЗА ОГРЕВНО И ТЕХНИЧКО ДРВО ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ „ЈАСЕН" - СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Ценовникот за огревно и техничко дрво во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"- Скопје бр. 02-808/2 од 11.4.2017 година, донесен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 11.4.2017 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-1304/1
21 април 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

960.

Врз основа на член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.4.2017 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНОВНИКОТ ЗА ОТСТРЕЛ НА ДИВЕЧ, КОРИСТЕЊЕ НА ДИВЕЧОТ И НЕГОВИТЕ ДЕЛОВИ И УСЛУГИ ВО ЛОВИШТАТА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ „ЈАСЕН" - СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"- Скопје бр. 02-809/2 од 11.4.2017 година, донесен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 11.4.2017 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-1304/2
21 април 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

961.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15 и 190/16) Владата на Република Македонија на седницата одржана на 21.4.2017 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДРЖАВНА КАРДИОХИРУРГИЈА - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Јавната здравствена установа Општа болница Куманово му престанува користењето на движната ствар:

Реден бр.	Назив на движната ствар	Модел	Производител	Единица мерка	Количина
1	Машина за дишење	Evita 4	Дрегер	парче	1

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје.

Член 3

Директорот на Јавната здравствена установа Општа болница Куманово склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-1337/1
21 април 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

962.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15 и 190/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.4.2017 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ОЧНИ БОЛЕСТИ - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движната ствар, и тоа:

	Назив на движна ствар	Модел	Производител	Количина
1	Апарат за факоемулзификација за отстранување на катаракта	Centurion vision system + Centurion Ozil HP –1 парче и Ultralowtm I/A – 1 парче Сер.бр.1603296601X	Алкон Фармацеутикалс	1

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести - Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести - Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-1338/1
21 април 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

963.

Врз основа на член 9-а став (6) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 35/11, 84/12 и 43/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.4.2017 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „МАКЕДОНИЈАПАТ" - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се отстапуваат без надомест нафтени деривати на Јавното претпријатие „Македонијапат" - Скопје и тоа:

- Еуродизел БС гориво ..... 250.000 литри
- Екстра лесно гориво ..... 250.000 литри.

Нафтените деривати од став 1 на овој член се отстапуваат на Јавното претпријатие „Македонијапат" – Скопје, за извршување на основните работи од тековно, инвестиционо и зимско одржување на патиштата, планирани со Годишната програма за одржување и заштита на државните патишта за 2017 година, со Јавното претпријатие за државни патишта.

Член 2

Трошоците за испорака, односно транспортните и манипулативните трошоци за преземање на отстапените нафтени деривати од член 1 на оваа одлука, паѓаат на товар на Јавното претпријатие „Македонијапат" - Скопје.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-1403/1
21 април 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

964.

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр.78/15, 106/15, 153/15 и 190/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.4.2017 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари-инфраструктурни објекти-подземна водоводна инфраструктурна мрежа за ТИРЗ Скопје 1, за КО Илинден вон град, за КО Марино вон град, за КО Кадино, за КО Бунарџик во место викано Бунарџик, за Ко Бујковци во место викано Белинбегово, за КО Миладиновци вон град-и тоа:

- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКВ, со должина од 37,61 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКВ, со должина од 6935,70 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКВ, со должина од 16,11 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКВ, со должина од 64,92 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКВ, со должина од 75,55 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКВ, со должина од 51,85 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 5707,44 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 307,98 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 292,11 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 275,96 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 202,22 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 214,50 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 41,37 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 32,48 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 49,73 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 50,29 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина 38,45 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 38,54 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 38,54 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 39,01 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 41,95 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 46,20 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 51,19 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 51,19 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 51,19 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 56,42 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 56,41 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 55,82 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 62,08 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 60,00 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 60,00 м;
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, со должина од 42,41 м;и
- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСКМРЕЖА, должина 35,75 м

со вкупна должина од 15219,42 м

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 44-1582/1
21 април 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Емил Димитриев, с.р.

965.

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр.78/15, 106/15, 153/15 и 190/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.4.2017 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижна ствар-подземна водоводна инфраструктурна мрежа за ТИРЗ Скопје 2, за КО Бунарџик-вон град, во место викано Бунарџик и тоа:

- Префикс ВИПВ1, идентификатор ТИРЗСК2 со должина од 734,50 м,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-1582/2
21 април 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Емил Димитриев, с.р.

966.

Врз основа на член 20 став (3) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15 и 39/16), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 21.4.2017 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2016 ГОДИНА ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишниот извештај за 2016 година за работењето на Агенција за храна и ветеринарство, бр. 02-1154/1 од 27 март 2017 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-1561/1
21 април 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

967.

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.4.2017 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНАТА АКТИВНОСТ „SABER JUNCTION", ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

1. Во Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „SABER JUNCTION", во Сојузна Република Германија, бр. 44-1158/1 од 4.4.2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 45/17) во точката 1. зборовите: „19 април до 17 мај" се заменуваат со зборовите „24 април до 20 мај".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-1799/1
21 април 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

968.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр.54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15 и 27/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.4.2017 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СТАТИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА ПЕРИОДОТ 2013 - 2017 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за статистички истражувања за периодот 2013 – 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.20/13, 24/14, 13/15 и 7/16), во член 2 став 2 во табелата, во точката 1 „Демографија и социјални статистики", во статистичкото истражување „бр.1.02.02/01/01 Месечно статистичко истражување за вработени и плати (ТРУД 1)" во редот 6 „Начини на прибирање на податоците" по зборот „Самопополнување" се додаваат зборовите „и административен извор".

Во статистичкото истражување „бр. 1.02.02/01/03 Анкета за цена на трудот (АЦТ)" во редот 6 „Начини на прибирање на податоците" зборот „Самопополнување" се заменува со зборовите „Комбиниран начин".

Во статистичкото истражување „бр.1.03.01/03/08 Попис на просторот на високообразовните установи ЗГ.1ФВШ (прашалник за зграда) (ЗГ.1 ФВШ)" во редот 6 „Начини на прибирање на податоците" зборот „Самопополнување" се заменува со зборовите „Електронско пополнување".

Во статистичкото истражување „бр.1.03.01/03/09 Попис на просторот на високообразовните установи ЗГ.2.ФВШ (прашалник за факултет - висока стручна школа) (ЗГ.2.ФВШ)" во редот 6 „Начини на прибирање на податоците" зборот „Самопополнување" се заменува со зборовите „Електронско пополнување".

Во статистичкото истражување „бр.1.06.02/01/01 Анкета за приходи и услови за живеење (АПУЖ)" во редот 4 „Кратка содржина на истражувањето" по зборот „податоци" се додаваат зборовите „за единствениот матичен број на граѓанинот и".

Во точката 2 „Макроекономски статистики", статистичките истражувања „бр.2.03.03/01/09 Базична сметка на парични текови меѓу секторите во економијата", „бр.2.03.03/01/12 Извештај за бројот на сметки преку кои се вршат плаќањата, „бр.2.03.03/01/13 Извештај за употребата на платните инструменти" и „бр.2.03.03/01/14 Извештај за употреба на платежни картички и уреди кои се користат во земјата", се бришат.

По статистичкото истражување „бр. 2.03.03/01/16 Финансиска сметка" се додава ново статистичко истражување, кое гласи:

„2.03.03/01/17	Статистички извештаи за извршени активности во платниот промет
Носител	Народна банка на Република Македонија
Периодика	Месечна, годишна
Извештај на единица	Банки, издавачи на електронски пари, правни лица кои се вклучени во платен систем или вршат други услуги поврзани со плаќањата, посредниците

	при микроплаќањата и останати обезбедувачи на платежни услуги - обезбедувачи на платежни услуги и операторите на платните системи
Кратка содржина на истражувањето	Се прибираат податоци на месечна основа за: - Институции коишто нудат платежни услуги на не-монетарни финансиски институции (не-МФИ) -Платежни картички - Уреди коишто прифаќаат платежни картички - Платежни трансакции коишто ги вклучуваат не-МФИ - Платежни трансакции по типот на уредот кошто вклучуваат не-МФИ -Учество во платните системи - Плаќања обработени преку платните системи Се прибираат податоци на годишна основа за: - Надоместоци од трговци и иматели на платежни картички
Метод на прибирање на податоците	Целосен опфат
Начини на прибирање на податоците	Електронско пополнување
Година на спроведување	2017
Територијално ниво на публикување	НТЕС 1 и 2
Рок за публикување Т + (денови)	Т + 45
Меѓународни стандарди и регулативи	Методологија за платежната статистика на Европската централна банка“

Во статистичкото истражување „бр. 2.06.01/02 Цени на недвижности“ во редот 4 „Кратка содржина на истражувањето“ зборовите „Индексот на цените на становите се изготвува за територијата на Скопје врз основа на податоци кои се однесуваат на огласите за продажба објавени од агенциите коишто се занимаваат со промет на недвижности на квартална основа“ се заменуваат со зборовите „Индексот на цените на становите се изготвува за подрачјето на град Скопје врз основа на податоци кои се однесуваат на огласите за продажба објавени на интернет од агенциите коишто се занимаваат со промет на недвижности и од физички лица на квартална основа“.

Во точката 4 „Статистика на земјоделство, шумарство и риболов“, во статистичкото истражување „бр.4.01.03/01/02 Годишен извештај за сурово млеко и добиени производи во млекарите“ во редот 7 „Година на спроведување“ по бројот „2016“ се додаваат зборовите „и 2017“.

По статистичкото истражување „бр. 4.01.03/01/02 Годишен извештај за сурово млеко и добиени производи во млекарите“ се додава ново истражување, кое гласи:

„4.01.01/03/01/03	Месечен извештај за сурово млеко и добиени производи во млекарите
Носител	Државен завод за статистика
Периодика	Годишна
Извештај на единица	Деловни субјекти
Кратка содржина на истражувањето	Се прибираат податоци за млеко и млечни производи од млекарите
Метод на прибирање на податоците	Целосен опфат
Начини на прибирање на податоците	Самопополнување
Година на спроведување	2017
Територијално ниво на публикување	НТЕС 1 и 2
Рок за публикување Т + (денови)	Т + 180
Меѓународни стандарди и регулативи	Директива на Совет 96/16 Одлука на Европска комисија 97/80“

Во точката 5 „Повеќедоменски статистики“, по статистичкото истражување „бр. 5.03.04/01/01 Прашалник за трошоци за заштита на животната средина (ЖСТ)“ се додаваат две нови статистички истражувања, кои гласат:

„5.03.04/01/02	Даноци за животна средина
Носител	Државен завод за статистика
Периодика	Годишна
Извештај на единица	Министерство за финансии и Државен завод за статистика
Кратка содржина на истражувањето	Се прибираат податоци за плаќање на даноци поврзани со животната средина, според економска активност. Даноците за животна средина се распределени во четири категории: - даноци за енергија - даноци за транспорт - даноци за загадување - даноци за ресурси
Метод на прибирање на податоците	Комбиниран
Начини на прибирање на податоците	Комбиниран
Година на спроведување	2017
Територијално ниво на публикување	НТЕС 1
Рок за публикување Т + (денови)	Т + 630
Меѓународни стандарди и регулативи	Регулатива 691/2011 на Европскиот Парламент и Совет

5.03. 04/01/03	Сметки на текови на материјали
Носител	Државен завод за статистика
Периодика	Годишна
Извештајна единица	Државен завод за статистика
Кратка содржина на истражувањето	Основна цел на Сметките за текови на материјали е објаснување

	на интеракцијата на домашната економија со природата и остатокот од светската економија, преку тековите на материјали. Со сметките се опфатени тековите на сите течни, гасовити и цврсти материјали, освен тековите на вода и воздух. Со сметките за тековите на материјали се пресметуваат и следните индикатори: домашна екстракција на материјали, директни инпути на материјали, домашна потрошувачка на материјали и трговскиот биланс изразен во физички единици.
Метод на прибирање на податоците	Комбиниран
Начини на прибирање на податоците	Комбиниран
Година на спроведување	2017
Територијално ниво на публикување	НТЕС 1
Рок за публикување Т + (денови)	Т + 690
Меѓународни стандарди и регулативи	Регулатива 691/2011 на Европскиот Парламент и Совет“

Член 2

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-1300/1
21 април 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Емил Димитриев, с.р.

УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

969.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992), на седницата донесена на 12 април 2017 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ ПОНИШТУВААТ:

а) член 84 од Колективниот договор во АД „Палтекс“ од Делчево, бр.0202-290 од 28.10.2008 година, и

б) член 86 од Колективниот договор за текстилна индустрија на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.220/2015).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија, на иницијатива на Орданка Митевска и Јеле Јангеловска, двете од Општина Делчево, застапувани од полномошник Николчо Атанасовски-адвокат од Делчево, со Решение У.бр.106/2016 од 8 март 2017 година поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на членовите 84 и 86 од колективните договори означени во точката 1 од оваа одлука.

Постапката беше поведена затоа што се постави прашањето за согласноста на наведените одредби од колективните договори со Уставот на Република Македонија и со Законот за работните односи.

4. Судот на седницата утврди дека во оспорениот член 84 од Колективниот договор во АД „Палтекс“ од Делчево, бр.0202-290 од 28.10.2008 година, е предвидено дека: „Ако работникот самоволно без причини од член 100 на ЗРО даде отказ без отказен рок работодавачот поради пореметување на работниот процес и настанатата штета, има право да бара обесштетување во висина од една или три месечни плати во зависност од работните задачи што ги извршува работникот.“

Судот исто така утврди дека во членот 86 од Колективниот договор за текстилна индустрија на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.220/2015) постои одредба со иста содржина како оспорената одредба од членот 84 на Колективниот договор во АД „Палтекс“ од Делчево. Имено, членот 86 од наведениот грански колективен договор гласи: „Ако работникот самоволно без причини од член 100 на ЗРО даде отказ без отказен рок работодавачот поради пореметување на работниот процес и настанатата штета, има право да бара обесштетување во висина од една или три месечни плати во зависност од работните задачи што ги извршува работникот.“

5. Според член 8 став 1 алинеи 3 и 4 од Уставот, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Според член 9 став 2 од Уставот, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 32 став 5 од Уставот, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Во членот 51 од Уставот е предвидено дека во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон (став 1) и дека секој е должен да ги почитува Уставот и законите (став 2).

Од изнесените уставни одредби произлегува дека владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, дека тие вредности се остваруваат така што граѓаните се еднакви пред Уставот и законите и дека законите мораат да бидат во согласност со Уставот, сите други прописи со Уставот и законите и секој е должен да ги почитува Уставот и законите. Правата на вработените и нивната положба, пак, се уредуваат со закон и со колективни договори.

Според член 1 став 2 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015 и 27/2016), работниот однос се уредува со овој и со друг закон, колективен договор и договорот за вработување.

Во членот 12 од Законот за работните односи е определено дека со договорот за вработување, односно со колективен договор не може да се определат помали права од правата утврдени со закон, а ако содржат такви одредби, се сметаат за ништовни и се применуваат соодветни одредби од закон (став 2). Со договорот за вработување, односно со колективен договор може да

се одредат правата, кои за работниците се поповолни, отколку што ги определува овој закон (став 3).

Од изнесените законски одредби произлегува дека работниот однос се уредува со закон, колективен договор и со договор за вработување, при што со колективен договор не може да се определат помали права за работниците односно може да се определат само права кои се поповолни за работниците отколку што се определени со овој закон.

Во врска со откажувањето на договорот за вработување, членот 70 од Законот за работните односи определува дека „договорните страни можат да го откажат договорот за вработување со отказен рок“ (став 1), а во случаите определени со закон, и без отказен рок (став 2).

Според член 80 став 1 од Законот, „ако работникот го откажува договорот за вработување, отказниот рок е еден месец. Со договорот за вработување или со колективниот договор може да биде договорен подолг отказен рок, меѓутоа не подолг од три месеци.“

Во членот 100 од Законот е определено дека „работникот може по истекот на три дена откако претходно писмено го предупредил работодавачот на исполнувањето на обврските, да му го откаже договорот за вработување, ако:

1) работодавачот повеќе од три месеци не му обезбедува работа и така не му ја исплаќа определената плата;

2) не му е овозможено вршење на работата заради одлука на надлежната инспекција за забрана на вршење на работниот процес или забрана на примена на средствата за работа подолго од 30 дена и работодавачот не му ја исплаќа законски определената плата;

3) работодавачот најмалку три месеца исплаќа намалена плата за работата;

4) работодавачот три пати последователно или во период од шест месеца не исплаќа плата за работата во законски, односно договорно определениот рок;

5) работодавачот не ја обезбедува заштитата на работникот при работа, а работникот претходно побарал отстранување на заканувачката непосредна и неизбежна опасност за животот и здравјето;

6) работодавачот го навредува и насилнички се однесува кон него или наспроти неговите предупредувања не го спречува таквото однесување од страна на другите работници;

7) работодавачот не му обезбедува еднаков третман со оглед на полот и

8) работодавачот ништо не презел работникот да не стане жртва на полово вознемирување“ (став 1). Според став 2, „работникот во случај на отказ заради однесувањата од ставот 1 на овој член има право на испратнина и на обесштетување најмалку во висина на изгубената плата за времето на отказниот рок.“

Од изнесените законски одредби произлегува дека откажувањето на договорот за вработување во принцип се врши со отказен рок, па кога работникот го поднесува отказот, отказниот рок според Законот е еден месец или според договорот за вработување односно колективниот договор тој рок може да трае до три месеци. Но, Законот определува и ситуации во кои откажувањето на договорот за вработување од страна на работникот може да биде и без отказен рок, тоа се ситуациите утврдени во член 100 став 1 од Законот, па во тие ситуации работникот има право на испратнина и на обесштетување.

Во врска со надомест на штета што е предизвикана на работодавачот од страна на работникот, членот 156 од Законот определува дека „работникот кој на работа или во врска со работата намерно или од тешка небрежност му предизвика штета на работодавачот е должен да ја надомести“ (став 1). „Ако повеќе работници предизвикаат штета секој меѓу нив е одговорен за оној дел на штетата што го предизвикал“ (став 2). „Ако за секој работник не е можно да се утврди колкав дел од штетата предизвикал, сите работници се еднакво одговорни и ја надоместуваат штетата во еднакви делови“ (став 3). „Ако повеќе работници предизвикале штета со намерно казниво дејствие, за штетата се солидарно одговорни“ (став 4).

Според член 157 од Законот, „ако утврдувањето на висината на штетата би предизвикало несразмерни трошоци, обесштетувањето може да се определи во паушален износ, ако случаите на штетните дејствија на работникот и висината на паушалното обесштетување се определени со колективен договор.“

Од цитираните законски одредби произлегува дека работникот има обврска да ја надомести штетата предизвикана на работодавачот ако намерно или од тешка небрежност при вршењето на работата или во врска со работата предизвика штета, при што обесштетувањето на работодавачот може да се определи и во паушален износ доколку утврдувањето на висината на штетата би предизвикало несразмерни трошоци, но во таа ситуација со колективен договор мора да се определат случаите на штетните дејствија на работникот и висината на паушалното обесштетување.

Во конкретниот случај, оспорениот член 84 од Колективниот договор во АД „Палтекс“ од Делчево уредува ситуација кога (1) работникот ќе даде отказ без отказен рок и без да наведе причина определена во членот 100 став 1 од Законот за работните односи, при што во тој случај (2) работодавачот има право на обесштетување во висина од една или три месечни плати на работникот во зависност од работните задачи што ги извршувал работникот, поради пореметување на работниот процес и настанатата штета од тоа за работодавачот. Но, Судот оцени дека определувањето во колективен договор обврска на работникот да го обесштети работодавачот при таков отказ од страна на работникот, во ситуација кога Законот за работните односи не предвидува таква обврска за работникот, значи предвидување во колективниот договор одредба која не е поповолна за работникот и претставува помало право за работникот од правата што тој ги има според Законот за работните односи. Поради тоа, Судот утврди дека таквата одредба од Колективниот договор во АД „Палтекс“ од Делчево не е во согласност со член 12 ставовите 2 и 3 од Законот за работните односи, според кои со колективен договор не може да се определат помали права од правата утврдени со закон и дека со колективен договор може да се определат права кои за работниците се поповолни отколку што ги определува Законот за работните односи, а со тоа ниту со другите наведени законски одредби, како и со означените одредби од Уставот на Република Македонија.

Тргнувајќи од тоа дека содржината на членот 86 од Колективниот договор за текстилна индустрија на Ре-

публика Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.220/2015) е иста со содржината на членот 84 од Колективниот договор во АД „Палтекс“ од Делчево, Судот утврди дека и членот 86 од наведениот грански колективен договор не е во согласност со наведените уставни и законски одредби.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот, Никола Ивановски и судиите: д-р Наташа Габер-Дамјановска, Елена Гошева, Исмаил Дарлишта, Јован Јосифовски, Вангелина Маркудова, Сали Мурати, д-р Гзиме Старова и Владимир Стојаноски.

У.бр.106/2016
12 април 2017 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
Никола Ивановски, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

970.

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3, а во врска со членовите 84 и 87 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ број 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 18.4.2017 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БИТСТРИМ ПРИСТАП И ПРЕПРОДАЖБА НА БИТСТРИМ УСЛУГА

Член 1

Во Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга („Службен весник на Република Македонија“ број 190/14), во член 3 став (1) алинеја 4, зборовите во заградата “бакар или оптика“ се заменуваат со зборовите: “бакар, оптика или коаксијален кабел“.

Во став (3) зборовите “DSLAM/OLT“ се заменуваат со зборовите: “DSLAM/OLT/CMTS“.

Член 2

По членот 8 се додава нов член 8-а кој гласи:

„Член 8-а
Битстрим пристап преку HFC мрежа

Постојат две нивоа на битстрим пристап во кој пристапната мрежа е базирана на технолошки хибридни решенија базирани на оптички и коаксијален кабел (HFC мрежна инфраструктура) и тоа:

(а) Локално CMTS ниво или агрегациски уред на локално ниво: Операторот обезбедува пристапен линк базиран на технолошки хибридни решенија базирани на оптички и коаксијален кабел до краен корисник и „backhaul“ услуга, при што битстрим пристапот на операторот-корисник е на CMTS ниво или агрегациски уред на локално ниво, согласно Прилог 2-а кој е составен дел на овој правилник. Во овој случај Оператороткорисник ќе ја користи пристапната мрежа на операторот, но ќе инсталира своја `рбетна (backbone) мрежа. Доколку постои техничка можност преку овој вид на пристап операторот-корисник може да си ги дизајнира своите услуги, што обезбедува да се разликуваат од услугите на Операторот до крајните корисници.

(б) Национално IP ниво: Операторот обезбедува пристапен линк базиран на технолошки хибридни решенија базирани на оптички и коаксијален кабел (HFC мрежна инфраструктура), како и IP ‘рбетна мрежа, согласно Прилогот 2-а , на која оператороткорисник го обезбедува битстрим пристапот. На ова ниво пристапот до интернет го обезбедува операторот-корисник. “

Член 3

Во член 9 став (1) зборот “7 и 8“ се заменува со зборот “ 7, 8 и 8-а“.

Член 4

Во член 10 став (1) зборовите во заградата “бакар или оптика во пристапниот сегмент во мрежата на операторот“ се заменуваат со зборовите: “бакар, оптика или HFC мрежна инфраструктура во пристапниот сегмент во мрежата на оператотот“, а зборовите во заградата “Прилог 1, Опција 4“ се заменуваат со зборовите “Прилог 1, точка 4 и Прилог 2-а, точка 4“.

Член 5

Членот 11 се менува и гласи:

„Доколку има техничка можност операторот при обезбедувањето на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга треба да обезбеди технички услови во трансмисионата мрежа за обезбедување на најмалку следните услуги: IP телефонија (VoIP), IP телевизија (IPTV) и видео на барање (VoD) или нивни еквиваленти услуги изразени со поединечни цени за секоја услуга со квалитет еднаков како за својата малопродажна деловна единица или за своите деловни единици или партнери.”

Член 6

Во член 18 став (4) по зборот “член 8“ се додаваат зборовите “и нивоата на член 8-а“.

Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

По влегувањето во сила овој правилник ќе биде објавен и на веб-страницата на Агенцијата за електронски комуникации.

Бр. 0101-50/5
18 април 2017 година
Скопје

Директор,
Сашо Димитријоски, с.р.

Прилог 2-а

- пристап на јавна HFC мрежна инфраструктура

971.

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3, а во врска со членовите 84 и 87 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ број 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 18.4.2017 донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРИСТАП И КОРИСТЕЊЕ НА СПЕЦИФИЧНИ МРЕЖНИ СРЕДСТВА

Член 1

Во Правилникот за пристап и користење на специфични мрежни средства (“Службен весник на Република Македонија“ број 42/15), насекаде во текстот зборовите “кабелска инсталација“ се заменуваат со зборовите “кабелска канализација“.

Член 2

Членот 2 се менува и гласи:

„Во овој правилник, покрај дефинициите од Законот за електронските комуникации, се употребуваат и дефиниции и појаснувања кои го имаат следното значење:

а) кабелска канализација е дел од физичка инфраструктура која се состои од мрежа на подземни канали и/или цевки од соодветен материјал, кабелски шахти и кабелски галерии, која служи за поставување и заштита на електронски комуникациски кабли;

б) хоризонтална кабелска канализација е канализација која ги вклучува оние физички елементи кои што постојат во централната мрежа (core network) и во пристапниот дел до крајните корисници (access network);

в) вертикална кабелска канализација е канализација која ги вклучува физичките елементи инсталирани по зградите;

г) терминирани сегменти се сегменти кои се наоѓаат помеѓу:

- дистрибуциската точка и краен корисник (или спојна кутија) во случај на точка-до-точка оптички мрежи и бакарни мрежи;

- или оптички сплитер и краен корисник (или спојна кутија) во случај на точка-повеќе-точки пасивни оптички мрежи;

- оптички јазол и краен корисник (или спојна кутија) во случај на хибридно оптичка коаксијална мрежа.

д) влезен сегмент (eng. feeder) е сегмент кој се наоѓа помеѓу оптичкиот разделник (Optical Distribution Frame), хибридно оптички коаксијален (HFC) разделник или главниот разделник (Main Distribution Frame) и дистрибуциската точка (или оптичкиот сплитер);

ѓ) агрегациски сегмент (eng. backhaul) е сегмент кој се наоѓа помеѓу оптичкиот разделник (Optical Distribution Frame), хибридно оптички коаксијален (HFC) разделник или главниот разделник (Main Distribution Frame) и IP управуваната мрежа (backbone);

е) неискористени кабли се кабли кои што не се користени во претходната година и кои што нема да се користат согласно моменталните или идните предвидливи потреби за период од пет години и

ж) LRIC (Long Run Incremental Costs) е методологија за пресметка на долгорочни трошоци.“

Член 3

Во член 3 заградата и зборовите во заградата “кабелски окна“ се бришат, а точката 4) се менува и гласи:

„4) вертикална кабелска канализација (внатрешни инсталации во зградите).“.

Член 4

Во член 4 став (1) зборовите: “во каналите“ се бришат.

Ставовите (3) и (4) се менуваат и гласат:

„(3) Операторот треба да овозможи доволен слободен простор во хоризонталната кабелска канализација со цел истиот да биде заеднички користен од операторите за потребите на одржување и поправки.

(4)Операторот треба да обезбеди каналите и цевките да бидат идентификувани во кабелските шахти и/или кабелските галерии со соодветни кодови со цел да се овозможи идентификација на соодветниот сопственик. “

Член 5

Член 5 став (3) се менува и гласи:

„(3) Во случај кога физички и технички е невозможно операторот да ги исполни барањата за пристап поднесени од операторите-корисници, Операторот може во рамките на техничките можности и во меѓусебен договор со Операторот-корисник да обезбеди пристап до алтернативна рута или неискористени оптички влакна (dark fiber).”

Член 6

Во член 6 став (1) по зборовите “придружната инфраструктура“ се става запирка и се додава зборот “како“, а заградата и зборовите во заградата “кабелски окна“ се бришат.

Во став (2) точките в), г) и д) се менуваат и гласат:

„в) бројот на цевки, под-цевки и нивната големина;

г) слободниот простор во каналите, цевките и подцевките;

д) идентификација на каблите (бакарни, оптички или коаксијални) кои што се активни и оние кои што не се активни.“

Член 7

Во глава три РЕФЕРЕНТНА ПОНУДА, се додава нов член 6-а кој гласи:

„(1) Операторот-корисник може до Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошнитот текст: Агенција) да достави барање за Референтна понуда за обезбедување на физички пристап и користење на електронска комуникациска инфраструктура и придружни инфраструктурни капацитети и средства (во понатамошниот текст: Референтна понуда).

(2) Директорот на Агенцијата, во рок од седум дена по приемот на барањето ќе донесе решение со кое ќе го задолжи Операторот да ја изработи и објави Референтната понуда.

(3) Операторот треба во рок од 30 дена од денот на приемот на решението од став (2) на овој член до Агенцијата да ја достави на одобрување референтната понуда.

(4) Агенцијата во рок од 30 дена од денот на приемот на референтната понуда ја разгледува и одобрува референтната понуда, а доколку истата не е во согласност со одредбите од Законот за електронските комуникации и овој правилник ќе побара од Операторот да изврши измени на референтната понуда, со отстранување на утврдените неусогласености."

Член 8

Во член 7 точките б), в), г) и д) се менуваат и гласат:

„б) да ги дефинира пречникот на цевките, подцевките или микроцевките кои што може да се користат;

в) да се дефинираат принципите како да се одбележуваат цевките и подцевките;

г) информации за расположливи капацитети на каналите и цевките;

д) спецификации што се однесуваат на завземањето на расположливите канали по принцип на цевки, подцевки или микро-цевки со цел да се направи поделба на каблите помеѓу различни оператори, како и распоредот на кои што под-цевките и микро-цевките може да се сместат во цевките. Само целосни под-цевки може да бидат доделени на некој оператор, т.е. не може заеднички да се користат одредени под-цевки помеѓу повеќе оператори;"

Член 9

Во член 8 став (1) точката б) се менува и гласи:

„б) потребниот канален простор, т.е. потребниот пречник на цевката и/или под-цевката за кој што операторот-корисник е заинтересеиран да го користи;"

Став (4) се менува и гласи:

„(4) Техничкото решение од став (3) на овој член треба да содржи:

а) технички опис на предметното барање;

б) состојба на кабелската канализација на предметната траса;

в) локација на сите кабелски шахти и кабелски галерии;

г) број и типот на каналите и/или цевките помеѓу кабелски шахти и кабелски галерии;

д) попис на потребниот материјал и потребните работи по вид и количина за инсталација на каблите за потребите на Операторот-корисник;

ѓ) попис на потребниот материјал и потребните работи по вид и количина за инсталација на цевки и/или под-цевки и останати работи како поправање и проширување на кабелска канализација за потребите на операторот-корисник."

Во став (7) зборовите во заградата "под канали и цевки" се заменуваат со зборовите "цевки и/или под цевки".

Во став (8) заградата и зборовите во заградата "кабелски отвори окна" се бришат.

Член 10

Членот 10 се менува и гласи:

„(1)Операторот во референтната понуда објавува поединечни цени за сите елементи за пристап до кабелската канализација, придружната инфраструктура и неискористените оптички влакна (dark fiber), со цел да се овозможи операторот- корисник да не плаќа за елементи на мрежата или придружни средства кои што не му се нужно потребни за вршење на неговите услуги.

(2) Цените за пристап до каналите и придружната инфраструктура и неискористените оптички влакна (dark fiber) треба да бидат ориентирани на трошоци.

(3) При утврдувањето на усогласеноста на обврската од став (2) од овој член, Агенцијата ќе ја користи LRIC методологијата, со можност долгорочната предвидлива вредност на неопходните мрежни елементи да се пресметува користејќи ги како основа тековните трошоци на операторот.

(4) Само променливите трошоци кои што се резултат на наметнатите обврски за да се развие информационен систем достапен од интернет може да се сметаат за релевантни. Поради тоа во цената за пристап не треба да бидат вклучени трошоците поврзани со:

а) дополнителни истражувања со цел да се обезбедат информациите за каналите и придружната инфраструктура;

б) ажурирање на податоците;

в) картографски информации;

г) апликативен софтвер.

(5) Во случај на значајна разлика во трошоците за различни области (терминирана, влезен сегмент-feeder и агрегациски сегмент – backhaul), операторот не треба да обезбеди пристап по единствена цена која што претставува нивни просек."

Член 11

Прилог 1 се менува и истиот е составен дел на овој правилник.

Член 12

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

По влегувањето во сила овој правилник ќе се објави на веб-страницата на Агенцијата.

Бр. 0101-163/5
18 април 2017 година
Скопје

Директор,
Сашо Димитријоски, с.р.

ПРИЛОГ 1

оптички кабел
коаксијален кабел
пристапна мрежа (Бакарна/NGA/HFC мрежа)
дистрибуциска точка
Главен/Оптички/HFC разделник (Main/ Optical/CMTS)
внатрешни инсталации во згради
терминирани сегменти
влезен сегмент (eng. feeder)
етернет агрегациски сегмент (eng.backhaul)
централна мрежа (NGN core network)
FTTH P2P
(оптика до дома точка-до-точка)
спојна кутија
дистрибуциска точка
ODF
IP управувана мрежа (backbone)
FTTH PON
(оптика до дома точка-повеќе-точки)
спојна кутија
оптички сплитер
ODF
IP управувана мрежа (backbone)
HFC
(Хибридна оптичка коаксијална мрежа)
спојна кутија
Оптички јазол
CMTS
IP управувана мрежа (backbone)

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

972.

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15), Министерството за труд и социјална политика

О Б Ј А В У В А

1. Стапката на трошоците на живот за месец март 2017 година, во однос на месец февруари 2017 година, е повисока за 0,5%.

2. Правото на пораст на платите за месец март 2017 година, во однос на месец февруари 2017 година, за работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, изнесува 0,25%.

Министер,
Ибрахим Ибрахими, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Лука Кржалоски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2017 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2017050